organikanova

# ORGALIFE®







Најдобриот пат е природниот пат

## ORGALIFE® ЗА ГРАДИНАРСТВО



### СПОРЕД НАШЕТО ДОЛГОГОДИШНО ИСКУСТВО ГИ ПРЕПОРАЧУВАМЕ СЛЕДНИТЕ ТРЕТМАНИ

### ФОЛИЈАРНО ТРЕТИРАЊЕ:

**На секои 15-20 дена со 20 литра на хектар. Се разредува со вода.**

**Бројот на третирања и количината на Orgalife течно ѓубриво зависи од видот на растението и од квалитетот на почвата**. Кај фолијарното третирање битно е да се нанесе препорачаната количина на Orgalife на хектар. Количината на водата зависи од пумпата (колку литри вода троши на хектар)

**Прва апликација:** 10 дена пред почеток на производство на расад. Со Orgalife се третира почвата во која се подготвува расадот.
**Втора апликација:** Се третира расадот на 5-7 дена.
**Трета апликација:** Веднаш по расадувањето, да се намали стресот кај растенијата.
**Четврта апликација:** Пред цветање - да се обезбеди пообемно и посилно цветање.
**Пета апликација:** Во плодоносењето, по секој бран на берба за покрупни и изедначени плодови и побрзо созревање на плодовите.
Во случај на пообемно цветање и повеке плодови од нормалното, (при што коренот не може да ги прехрани сите плодови ефикасно) препорачуваме почесто фолијарно третирање со Orgalife.

### СИСТЕМ КАПКА:

На секои 15-20 дена со 20-30 литра на хектар, за повеќе цветови, побрзо созревање како и повеќе и поголеми плодови.

## ORGALIFE® ЗА ОВОШТАРСТВО



Овошните насади третирани со Orgalife имаат многу посилно цветање, покрупни и изедначени плодови со поубави бои и многу поубав мирис и вкус. Плодовите по бербата многу подолго остануваат свежи и подобро го поднесуваат транспортот.Бербата стасува порано за 7-15 дена во однос на растенијата третирани со хемиски ѓубрива.Растенијата својот полн род го даваат една година порано во однос на растенијата третирани со хемиски ѓубрива. Витаминот „Ц" кај плодовите се зголемува од 2-7, што придонесува да се зголеми имунитетот и отпорноста на растенијата кон сите видови болести, суша, мраз и топлотни шокови. Инвазијата од инсекти врз растенијата се намалува. Микроорганизмите во Orgalife ѓубривото ја подобруваат структурата на почвата, и го регулираат водено-воздушниот режим.

### ФОЛИЈАРНО ТРЕТИРАЊЕ

**2-3 третирања со 20 литра на хектар. Се разредува со вода.**
**Бројот на фолијарните третирања и количината на Orgalife зависи од видот и староста на растенијата и квалитетот на почвата**. Кај фолијарното третирање важно е да се нанесе препорачаната количина на Orgalife. Количината на водата зависи од видот на пумпата (колку литри вода троши на 1 хектар)

### СПОРЕД НАШЕТО ДОЛГОГОДИШНО ИСКУСТВО ГИ ПРЕПОРАЧУВАМЕ СЛЕДНИТЕ ТРЕТМАНИ

**Прва апликација:** по бербата на плодовите, додека сеуште има зелени листови 10 лит./хектар* – со цел растението да се подготви за зима, а на пролет да стартува со повеке родни папки.
**Втора апликација:** во цвет, да се оплодат цветовите 10 лит./ха*,
**Трета апликација:** по формирањето на плодовите, тоа е 10 дена по цветањето 10 лит./ха* - за да се задржат плодовите,
**Четврта апликација:** во плодонесење, 20 лит./ха* - за покрупни и изедначени плодови,
**Петта апликација:** (доколку има потреба) : Кога има поголем род од нормалниот на растението му е потребно повеке храна, 10-20 лит./ха*,

**НАПОМЕНА:** *Количината на Orgalife зависи од квалитетот на почвата и од староста на растенијата.

### СИСТЕМ КАПКА

2 третирања со 20-30 литри/хектар

Во насади каде нема систем капка по капка се препорачуваат кога се третира фолијарното да се испрска и почвата околу растението (што ќе падне преку лист е храна преку лист, што ќе падне на почва е храна преку почва).

### ПРЕПОРАЧУВАМЕ

По кроењето гранките да се мелат (со приклучна машина мелачка на гранки) се третираат со Orgalife и потоа почвата плитко се заорува или фрезира. Микробиолошката флора, всушност големиот број на корисни микроорганизми и зрел хумус во почвата се основ за планирање на добар,здрав и квалитетен род.

# ORGALIFE® ЗА ЛОЗАРСТВО



Винарии кои произведуваат врвни вина ќе ги намалат третирањата со заштитни средства, а можат и да остават поголем род, кој ќе биде многу поквалитетен во однос на родот кој се третира со хемиски ѓубрива. Витаминот „Ц" кај плодовите третирани со Биофлор и глистал се зголемува од 2-7 пати така што се зголемува имунитетот, а на тој начин и отпорноста на растенијата кон сите видови болести, суша, мраз и топлотни шокови. Големиот број на корисни микроорганизми (100-120 милијарди во 1мл$^3$) во најголем дел ќе ги уништат штетните микроогранизми кои ги предизвикуваат растителните болести. Новите насади третирани со Orgalife течно + Orgalife цврстото ѓубриво, својот полн род го даваат една година порано во однос на насадите третирани со хемиски ѓубрива.

Според нашето долгогодишно искуство ги препорачуваме следните третмани.

## ФОЛИЈАРНО ТРЕТИРАЊЕ

**2 -3 третирања: 20 литра / хектар. Се разредува со вода**

**Прва апликација:** На есен по изнесување на родот. Со ова третирање растенијата полесно ќе се справат со екстремно ниски температури, а пролетта ќе ја пречекаат подготвени за поголем и здрав род.

**Втора апликација:** Веднаш по пуштање на младите ластари.

**Трета апликација:** По цветањето.

Четврта (и евентуално наредна) апликација: Во плодоносењето.

Бројот на фолијарните третирања и количината на Orgalife зависи од сортата и староста на лозовиот насад како и од квалитетот на почвата.
Кај фолијарното третирање важно е да се нанесе препорачаната количина на Orgalife.
Количината на водата зависи од пумпата (колку литра вода троши на 1 хектар).

## СИСТЕМ КАПКА 2 третирања. 20-30 литра

Во насади каде нема систем капка по капка се препорачуваат кога се третира фолијарното да се испрска и почвата околу растението (што ќе падне преку лист е храна преку лист, што ќе падне на почва е храна преку почва).

## ПРЕПОРАЧУВАМЕ

По кроењето сувите гранки се мелат (со приклучна машина мелачка на гранки), се третираат со Orgalife и потоа почвата се заорува или фрезира.
Вишокот зелена маса која се отстранува во пролет исто така се меле. Оваа органска материја не смее да се потцени. Микробиолошката флора, всушност големиот број на корисни микроорганизми и зрел хумус во почвата се основ за планирање на добар и квалитетен род.

# ORGALIFE® ЗА ЖИТНИ КУЛТУРИ



Микробиолошката флора, голем број на корисни микроорганизми и зрел хумус во почвата се основ за планирање на добар и квалитетен род.
Најдобри резултати се постигнуваат кога Orgalife се употребува веднаш по жетвата. По жетвата веднаш, сламата се сецка и се третира со Orgalife. Многу е важно Orgalife ѓубривото рамномерно да се нанесе на површината, потоа плитко се заорува.
Микроорганизмите значително ја зголемуваат органската материја во почвата. За околу 60 дена микроорганизмите од Orgalife ѓубривото, сламата ја претвораат во зрел хумус. Хумусот ја задржува влагата во почвата, па и во сушниот период од годината растенијата имаат доволно влага, а тоа резултира со значително поголеми приноси.
За максимален ефект по површината може рамномерно да се растури и арско ѓубриво или пак растителни остатоци од други култури.
Бактериите многу тешко изумираат во оваа фаза, затоа што ако не им одговараат моменталните услови тие се заштитуваат со пуштање на спори (хибернираат) и на тој начин чекаат погоден момент за дејствување. Дејствуваат најчесто кога температурата во земјата е над 6 степени или во воздухот над 10 степени.
Праксата покажува дека семето третирано со Orgalife дава одлични резултати при 'ртење, никнување и вкоренување на стебленцата, со што растот и развојот на растението е неспоредливо подобар од било кој друг облик на третирање при сеидбата.
Бидејќи растенијата одлично се развиваат и напредуваат, тие создаваат потенцијал за максимален род. Препорачливо е кон крајот на февруар или почеток на март (пролетно третирање) уште две апликации, со што се гарантира рекорден принос.

**Доза за едно третирање:** 20 литра на хектар

## ВАРИЈАНТИ ЗА ТРЕТИРАЊЕ

### ВАРИЈАНТА 1

**Прва апликација:** веднаш по жетва (по изнесување на родот) - 10 литри/ хектар (се третира сламата и плитко се заорува)
**Втора апликација:** на пролет, кога растението ќе порасне 20-30см - 20 литри/ хектар
**Трета апликација:** 20-30 дена по втората апликација- 20 литри/ хектар

### ВАРИЈАНТА 2

**Прва апликација:** на есен по никнување на растението - 10 литри/ хектар

**Втора апликација:** на пролет, кога растението ќе порасне 20-30см - 20 литри/ хектар
**Трета апликација:** 15-20 дена по втората апликација со 20-30 литри/ хектар

**Напомена:** Доколку почвата е слаба (не плодна), на пролет може да се стави азотно ѓубриво 150кг/ хектар

Процентот на глутенот се накачува над 30%. Orgalife ги намалува болестите кај растенијата за 50-80%. Болестите кај житарките можат да го намалат родот дури и за 30 %. Orgalife ѓубривото се меша заедно со хербицидите и инсектицидите. По можност да не се третира по сончево време. Најдобро е да се третира рано наутро, попладне, или по облачно време. Температурата на воздухот треба да биде над 10 а на почвата над 5 целзиус степени. Се применува едноставно и со значително помали трошоци.

organikanova

(a) Vasil Gjorgov 33-A/ 58, Skopje, Macedonia / (t) 076 39 55 99 / (e) info@organikanova.com / **www.organikanova.com**